**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Во Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2012, 85/2012 и 119/2012), во точката 1 износот „205.000.000,00“ се заменува со износот „202.000.000,00“.

2. Во точката 2, потточка 4, износот „5.000.000,00“ се заменува со износот „4.860.369,00“.

Во потточката 12, износот „7.000.000,00“ се заменува со износот „6.900.000,00“.

Во потточката 16, износот „3.500.000,00“ се заменува со износот „739.631,00“.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-7875/1
6 ноември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**3417.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 17/11, 51/11 и 74/12) министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЗИВОТ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ, СПОСОБНОСТИТЕ И КОМПЕТЕНЦИИТЕ СТЕКНАТИ ОД ПОСЕБНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/10) членот 6 се менува и гласи:

„Сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите се печати на хартија А1–115 грамска со воден жиг и флуоросцентни влакна, а грбот на Република Македонија се печати со златна фолија со заштитни знаци”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-8177/3
1 ноември 2012 година
Скопје

Министер,
м-р **Панче Кралев,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3418.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10 и 11/12), Министерството за труд и социјална политика

**ОБЈАВУВА**

1. Стапката на трошоците на живот за месец октомври 2012 година, во однос на месец септември 2012 година, е повисока за 0,2%.

2. Правото на пораст на платите за месец октомври 2012, во однос на месец септември 2012 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија изнесува 0,1%.

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2012141